**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-10637/1

Скопје, 22 декември 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**СКОПЈЕ**

**ИЗВАДОК**

**од Нацрт – записникот од Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 декември 2020 година**

„ТОЧКА 30: Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр.6 на концесионерот Хидроген енерџи ДОО Скопје, со Анекс на договор

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр.6 на концесионерот Хидроген енерџи ДОО Скопје, со Анекс на договор и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр.5, МХЕЦ Жировница со реф.бр.6, бр. 02-5812/1 од 2.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 3.1.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидроген енерџи ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 4.3.2023 година.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија."

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

ПРИЛОГ : - Мислење од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски
Проверил: Зоран Брмарчевски / м-р Билјана Цветковска / м-р Ирена Македонска
Контролирал: Љубица Р. Дамовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Дејан Јаковоски

МЕСНА ЗАЕДНИЦА ЖИРОВНИЦА

Бр._10-19/1_ од _04.03.2019 год_

## ЗАПИСНИК

На ден 04.03.2019 год. во просториите на ОУ„Јосип Броз Тито" – с.Жировница е одржан состанок со месното население на с.Жировница, претставник од НП Маврово, Градоначалникот на општина Маврово-Ростуше и застапници на инвеститорот Хидроген Енерџи Груп.

Претседателот на МЗ Жировница Аднан Салиу го започна состанокот и истакна дека на состанокот одржан на 30.12.2018 год. месното население на с.Жировница едногласно одлучи дека е против изградба на мини хидроелектрани. Потоа беше даден збор на претставниците на инвеститорот да се претстават пред месното население.

На почетокот збор зеде Анес Ахмети (секретар на МЗ Жировница) и констатира дека МЗ Жировница е против изградба на мини хидроцентрали затоа што негативно влијаат врз биодиверзитетот и околината на с.Жировница. Исто така, истакна дека ваквите констатации се засновани врз основа на голем број пропусти со елаборатот за животна средина за кој што сметаме дека е пишуван канцелариски а не со теренски факти, бидејќи во истиот се наоѓаат пасуси кои се пишувани на српски јазик. Исто така, на почетокот на елаборатот е нагласено дека истиот е изработен врз основа на основен проект доставен од страна на инвеститорот и дека неможат да бидат извршени потребните мерења бидејќи објектот не е во функција како што налага правилниот за формата и содржината на елаборатот за оцена на влијание врз животна средина (Сл. весник на РМ. бр.50/09). Беше истакнато дека во анексот на договор од 12.01.2018 год. променети се координатите на зафат и координатите на машинска зграда за МХЕ „Жировница" 5 и 6.

Втор за збор се јави правниот застапник на Хидроген Енерџи Груп, Мери Младеноска и истакна дека кај многу вакви централи немало негативно влијание врз животната средина. Кажа дека Владата на Р.Македонија дала дозвола за концесија за користење на водните ресурси за производство на електрична енергија. Истакна и дека ја поседува целокупната документација пропишана со закон, како и дека е извршена исплата на голема сума на пари за расчистување на имотно правни спорови, како и платени комуналии.

Претставникот на ЈУНП Маврово, Џане Петрески појасни дека зафатот, односно каптирањето на водата, цевководот и машинските згради планирани се да се изведат во строго заштитено подрачје. Исто така, напомена дека дадено е позитивно мислење од страна на Националниот Парк за елаборатот за животна средина, но истото нема правна основа, бидејќи не се заснова на ниту еден од плановите на Националниот Парк во врска со зонирањето на НП Маврово, како и законската регулатива.

Последен се јави за збор Градоначалникот на општина Маврово-Ростуше, Медат Куртовски и истакна дека општината има обврска да ги почитува законите и прописите, но селак ние сме бирани од народот и во конкретниот случај застануваме на страната на локалното население и предложи повторно да се провери подрачјето на терен и да се изнајде решение, а доколку е во строго заштитено подрачје да остане како такво.

На барање на еден од претставниците на инвеститорот предложено беше да се сумираат заклучоците од овој состанок и дека нема да одговараат на прашања од страна на месното население, бидејќи не се компетентни за оваа проблематика. Сумативните заклучоци беа дека сите засегнати страни освен инвеститорот се против изградба на овој тип на мини хидроелектрани.

М.П. ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУША МЕСНА ЗАЕДНИЦА ЖИРОВНИЦА JIROVNITSA YERLEŞIM BIRIMI MAVROVA VE ROSTUŞA BELEDIYESI

Претседател на МЗ Жировница

Аднан Салиу:

С.Аднан

Друштво за производство на електрична енергија
ХИДРОГЕН ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО
Бр. 08-03
02.04 2019 год.
СКОПЈЕ

ДО

ОПШТИНА МАВРОВО РОСТУШЕ

**ПРЕДМЕТ: Известување за започнување на изградба на МХЕЦ Жировница 6 Општина Маврово и Ростуше**
**Врска бр: УП1-10-990/16 од 20.03.2017**
**ПОДНОСИТЕЛ: Друштво за производство на електрична енергија Хидроген Енерџи Груп Доо, претставувано од управител Предраг Чемериќ.**

Почитувани,

Општината Маврово и Ростуше како надлежен орган за издавање на одобрение за градење за градби од втора категорија, решавајќи по барањето на инвеститорот Друштво за производство на електрична енергија Хидроген Енерџи Груп Доо на ден 20.03.2017 година издаде Одобрение за градење бр. УП1-10-990/16, за изградба на мала хидроелектрична централа **МХЕЦ Жировница 6 Општина Маврово и Ростуше, КО Жировница.**
Ова одобрение е правосилно на **05.04.2017** година.
Согласно чл. 67 став 1, став 2 и став 11 од Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016) поднесовме Известување за започнување на изградба на наведената градба до насловниот орган со што назначивме дека **Изведувач на градежни работи е Друштво за производство, трговија и транспорт на стоки Ј.Е.С.ГЛОБАЛ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје,** монтажа на цевки **SUPERLIT PIPE INDUSTRIES INC** и за испорака, монтажа и пуштање во употреба на опрема **Феро Инвест доо Скопје. Правно лице за вршење на надзор на градежни работи е Центар за консалтинг и инженеринг „ КОНЦЕПТ ЕУ„ ДОО - Кочани, со надзорен инженер Љубомир Јанев.**

ХИДРОГЕН ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО Скопје

Подносител
Хидроген Енерџи Груп Доо
Управител
Предраг Чемериќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МАКЕДОНЈА
ОПШТИНА
MAVROVA
03.04.2019
УП1 10 990 16

До

ЈУ НП Маврово

Маврови Анови

**ПРЕДМЕТ**: Барање за изземање од авторство на Студија за ревалоризација

на заштитено подрачје Маврово

Во рамките на проектот „Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во Национален Парк Маврово", кој траеше во периодот од 2008-2011 година, се изработи Студија за ревалоризација на заштитено подрачје Маврово.

Јас, како научен координатор на тој сегмент од проектот, бев задолжена да ги координирам активностите околу ангажман на експерти од најразлични области, како и организирање на работилници и јавни дебати на кои се дискутираше за секој сегмент од поглавијата во Студијата. Своите обврски, во потполност со барањата на проектот, ги завршив најодговорно и најпрофесионално. Крајниот производ на сето тоа беше Студијата за ревалоризација на заштитеното подрачје, од која потоа произлезе и Менаџмент Планот за истото подрачје.

Изработката на овој документ беше со ангажман на 32 експерти, со неколку работилници и јавни дебати, односно на еден најтранспрентен начин беше произведена и Картата со зони на заштита во ова заштитено подрајче.

Финалниот документ е предаден и заведен во архивата на ЈУ НП Маврово под број 01121/2 од 23.01.2013 година.

Во меѓувреме е произведен нов документ, во кој сеуште стои моето име како научен координатор, а кој документ има различна содржина, односно страна 29 недостасува, а на стр. 401 стои друга карта со зони на заштита. Исто така стојат и други површини во однос на зоната на строга заштита.

Ве информирам дека јас исклучиво го поддржувам документот од 2013 година и стојам одговорно позади него, а новиот и видоизмент документ, на кој стои моето име, НЕ го поддржувам и сметам дека е злоупотребено моето авторско право.

Се надевам дека ќе изнајдеме начин да го надминеме ова недоразбирање.

Со почит,

Проф. д-р Македонка Стојановска

Предадено во МЖСПП
на 07.07.2021

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр. 11-710/5
Дата. 22.03.2021

До: Јавна Установа Национален Парк Маврово
Маврови Анови

24.03.2021

Предмет: Известување
Врска: Наш бр. 11-710/2 од 10.03.2021 год.

02-236/3

Почитувани,

Врз врска со доставениот допис акт (бр. 01-236/2 од 03.03.2021) со кој е побарана согласност на Годишната програма за заштита на природата на Национален парк Маврово за 2021 година, како обврска која произлегува од Законот за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 113/18), Министерството за животна средина и просотрно планирање Ве известува дека:

Во текот на 2018 и 2019 година во доставеното известување до ЈУНП Маврово по однос на Годишните програми за заштита на природата од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е укажано на фактот дека доколку не се заврши постапката за препрогласување на НП Маврово за заштитено подрачје и не се донесат стратешките документи за работа како што е Планот за управување со НП Маврово, Министерството за животна средина и просторно планирање во иднина нема да може да се произнесе и да даде согласност по однос на Годишните програми за заштита на природата.

Во однос на отворениот случај 2013/1 кој се однесува на малите хидроцентрали на територијата на НП Маврово од страна на Бернската Конвенција беше најавена експертска мисија, која требаше да направи теренски увиди и да даде препораки за следни чекори, но со оглед на фактот за настанатата ситуација со светската пандемија предизвикана од вирусот Ковид-19, закажаната експертска мисија не се реализираше. Поради ова Министерството за животна средина и просторно планирање исто така не е во можност да се произнесе по однос на доставената Годишна програма за заштита на природата во НП Маврово за 2021 година. Ве известуваме дека во мај 2021 година е планирана мисија од Бернска конвенција во Национален парк Маврово, за што ќе Ве информираме.

Од тие причини, Министерството за животна средина и просторно планирање, Ве известува дека неможе да се произнесе по однос на доставената Годишна програма за заштита на природата во НП Маврово за 2021 [illegible]

заврши процесот на пре-прогласување на Национален парк Маврово за заштитено подрачје и не се донесат стратешките документи за работа кои произлегуваат како обврска од Законот за заштита на природата.

Министерството за животна средина и просторно планирање во неколку наврати се има официјално обратено до ЈУНП Маврово (акт бр. 11-6342/1 од 21.12.2017 година и акт бр. 11-3766/1 од 14.06.2018 година и 11-2321/1 од 16.04.2019 година) со кои се бара во најкраток временски рок ЈУНП Маврово да достави утврдено предлог-зонирање со цел продолжување на постапката за ре-прогласување на НП Маврово за заштитено подрачје,

Во оваа прилика, ја користиме можноста уште еднаш да укажеме на важноста ЈУНП Маврово во најкраток временски рок да одговори на дописот од Министерството за животна срдина и просторно планирање (бр. 11-1264/3 од 25.11.2020) и да достави печатена и електронска верзија на Студија за валоризација на заштитеното подрачје Маврово со предлог зонирање и проценка на статусот на живеалиштата и видовите од национално и ЕУ значење, која ја рефлектира нивната тековна состојба и потреба во согласност со мониторингот што го спроведувате во паркот. Во таа насока потребно е да доставите и електронска форма на податоци во ГИС во државен координатнен систем за предлог надворешната граница и предлог границите на зоните на паркот.

Министерството за животна средина и просторно планирање како орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата по добивање на Студија за валоризација на заштитеното подрачје Маврово со предлог зонирање и проценка на статусот на живеалиштата и видовите од национално и ЕУ значење ја продолжи постапката за повторно прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категорија II - Национален парк.

Со почит,
Me respekt

в.д.директор на Управа за животна средина
Ushtruesi i Detyrës së Drejtorit të Drejtorisë së Mjedisit
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Роза Н. Вукојевиќ
Контролирал/Kontrolloi [illegible]

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
E-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Архивски број: 11-4556/1

Дата: 03. 08. 2018

ДО: Јавна Установа Национален парк Маврово
Маврови Анови

Јавна установа Национален Парк Маврово
Маврови Анови
Примено: 07-08/18
Орг. Един.: 01 | Број: 131/3

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

Согласно доставениот допис акт бр. 01-131/2, кој се однесува на барање согласност по однос на Годишната програма за заштита на природата во Национален парк Маврово за 2018 година, како обврска која произлегува од член 98 став 6 од Законот за заштита на природата (Сл.весник на РМ бр. 67/04; 14/06; 84/07; 35/10; 47/11; 148/11; 59/12,13/13, 163/13 , 41/14, 146/15 и 39/16), Ве известуваме дека:

Управата за животна средина како надлежен орган за вршење на стручни работи од областа на заштита на природата при Министерството за животна средина и просторно планирање ја разгледа доставената Годишната програма за заштита на природата во Национален парк Маврово за 2018 изготвена од страна на Јавната установа Национален парк Маврово - Маврови Анови и дава согласност на истата со напомена дека доколку не се заврши постапката за репрогласување на НП Маврово за заштитено подрачје и не се донесат стратешките документи за работа како што е Планот за управување со НП Маврово, Министерството за животна средина и просторно планирање во иднина нема да може да се произнесе и да дава согласност по однос на Годишните програми за заштита на природата.

Напоменуваме дека Годишните програми за заштита на природата во НП Маврово во изминатите години во целост се идентични, како резултат на што Министерството за животна средина и просторно планирање во неколку наврати има доставено укажување.

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Исто така, Јавната установа Национален парк Маврово треба да подготви годишен извештај за спроведување на Планот за управување и истиот треба да го достави до Министерството за животна средина и просторно планирање најдоцна до 31 Јануари во тековната година, со податоци од претходната година.

За таа цел, спроведените активности од тековната година треба да бидат во корелација со предвидените активности за наредната година помеѓу кои треба да постои континуирана синергија.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изготвил: Роска Н.Вукојевиќ
Сашко Јорданов

Контролирал: Влатко Трпески

Одобрил: Xhezmi Saliu
Директор на Управа за животна средина

03-566/2
27.07 18

Република Македонија
Јавна Установа Национален Парк
МАВРОВО
Маврови Анови

27.07.2018

До: Министерство за животна средина и просторно планирање
Бул. "Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје

11 3977/2
04.09.2018

ПРЕДМЕТ: Одговор на ваше барање
Врска: ваш бр.11-3977/1 од 28.06/18
наш бр.03-566/1 од 02.07/18

Почитувани,

Јавната Установа Национален Парк Маврово, Маврови Анови ги поддржува проектите на Владата на Република Македонија за изградба на мали хидроелектрични централи (МХЦ) за што има издадено поддршка и позитивно мислење за предходно објавени локации во рамките на Националниот Парк.

Во однос на предложената листа на локации за изградба на МХЦ во општина Маврово и Ростуше, а кои се во рамките на Националниот Парк Маврово, го даваме следното мислење:

- за реката Рибница и реката Видушница (Лопушник), се додека не се донесе новото зонирање на паркот, Националниот Парк Маврово е на мислење да не се започнува со активности за спроведување постапка за доделување на концесија за користење на вода за изградба на МХЦ.
- за Жировничка река, Националниот Парк Маврово дава позитивно мислење за започнување со активности за спроведување постапка за доделување на концесија за користење на вода за изградба на МХЦ.
- Националниот Парк Маврово се одлучи да даде позитивно мислење поради тоа што котите на зафат, машинската просторија и должината на целиот цевковод, и по постојното зонирање и по ново предложеното зонирање, со тоа што се

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

Република Македонија
Јавна Установа Национален Парк
**МАВРОВО**
Маврови Анови

наоѓаат во зона во која што може да се гради ваков вид на објекти без да се наруши заштитеното подрачје.

- Бидејќи котата на зафат се наоѓа испод населеното место Жировница, рурална средина која поради нерешениот проблем со депонија, е најголемиот загадувач на реката Радика, изградбата на оваа МХЦ ќе придонесе за прочистување на водите кои се влеваат во реката Радика од смет и друг тврд отпад.

Со овој допис сакаме уште еднаш да апелираме при изградбата на МХЦ да се внимава на ерозивноста на теренот а посебно обезбедувањето на биолошкиот минимум на водите со што би се спречило настанувањето на суви водотеци а со тоа и уништување на водниот, растителниот и животинскиот свет.

Со почит,

J.У.Национален Парк-Маврово
Директор:
Самир Ајдини

Тел:042/489 619; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален Парк МАВРОВО
Бр. 03-566/2
27.07 20 18 год.
Маврови Анови

Република Македонија
Јавна Установа Национален Парк
МАВРОВО
Маврови Анови

27.07.2018

**До: Министерство за животна средина**
**И просторно планирање**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на ваше барање**
**Врска: ваш бр.11-3977/1 од 28.06/18**
**наш бр.03-566/1 од 02.07/18**

Почитувани,

Јавната Установа Национален Парк Маврово, Маврови Анови Во врска со вашиот допис од 28.06.2018год.за изградбата на мали хидроцентрали на територијата на паркот на ЈУНП Маврово, Маврови Анови , **Негативно** се произнесува имајќи го во предвид Законот за Заштита на природата, Бернска конвенција и Натура 2000.

Исто така ви укажуваме дека со нивна изградба биолошки минимум нема да има со тоа што ќе настанат суви водотеци, а со тоа ќе дојде до целосно уништување на водниот растителен и животински свет.

А што се однесува до Танушка река можеме позитивно да се произнесеме за изградба на мала хидроелектрична централа.

Изработил: инж.Цане Петрески

Контролирал: инж.Цане Петрески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален парк Маврово
Маврови Анови

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

03/2019/2/678
11.11. 19


**ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУША**

*Одделение за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и заштита на животната средина*


бр.10-307/2 од 31.10.2019 год.

До:
Еколошко здружение на граѓани " Фронт 21/42"
Бул. Климент Охридски бр.54/2-2
Скопје

Врска бр. 03/2019/2/624
Од 16.09.2019

Предмет : Известување

Почитувани

Во врска со вашето барање за пристап до информации ве известуваме дека Општина Маврово и Ростуше за:

- МХЕ Жировничка 5 има издадено Решение Уп1 бр. 10-119/19 од 19.09.2019 год за огласување на ништовност на Одобрението за градење Уп1 бр. 10-989/16 од 20.03.2017 год.
- МХЕ Жировничка 6 има издадено Решение Уп1 бр. 10-120/19 од 19.09.2019 год за огласување на ништовност на Одобрението за градење Уп1 бр. 10-990/16 од 20.03.2017 год.

На Галичка река III и Тресонечка река се изведени МХЕ кои се со инсталиран капацитет над 1 МВ и спаѓаат во објекти од прва категорија и за истите надлежно е Министерство за Транспорт и Врски.

Во однос на река Беличица и Какачка река, изведени се мини турбини кои се поставени на цевковод низ кој протекува вода за пиење.

За останатите наведени реки во барањето Општина Маврово и ростуше нема податоци.

Со почит

Раководител
м-р Садредин Елезоски г.и

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален Парк Маврово
Бр. 03-119/1
18.02.2019 год.
Маврови Анови

До
Влада на Република Македонија

- Кабинет на Претседател на
Владата на Република Македонија -

Почитуван Претседател на Владата на Република Македонија,

Со овој допис Ве информираме за состојбите и активностите во зоните на заштита во Националниот парк Маврово односно за состојбите и активностите поврзани со изградбата на планираните објекти за мали хидроелектрични централи во зоните на заштита во Националниот Парк Маврово, кои предизвикуваат сериозна загриженост од причини детално образложени во продолжение.

Во Септември 2008 година беше започнат проектот Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко туризам во Национален Парк Маврово и истиот траеше 3 години, а истиот беше финансиран од страна на Министерството за надворешни работи на Република Италија.

Една од главните цели на проектот беше и валоризација и заедничко управување со природните ресурси во Националниот парк Маврово за што беше распишан јавен повик за избор на научен координатор за процесот на валоризација на природните ресурси. По долготрајна сеопфатна стручна и научна работа на голем тим на експерти произлезе Студијата за ревалоризација на заштитеното подрачје Национален Парк Маврово. **Експертските извештаи, заедно со Студијата како финален документ, е предадена и заврена во архивата на ЈУ НП Маврово под број 01121/2 од 23.01.2013 година. Следствено на** вака изготвената студија понатаму беа изготвени Нацрт - плановите за управување, односно годишните програми за работа на ЈУ Национален Парк Маврово.

Накратко ја изложуваме хронологијата на превземените активности за изготвување на гореспоменатата студија:

За научен координатор на оваа компонента од проектот беше назначен проф.д-р Македонка Стојановска, и активностите започнаа со собирање разгледување (анализа) на

сета достапна документација која послужи како основа при натамошните истражувања а прибавена како од Јавната установа така и од релевантните министерства, ЕЛЕМ и др институции. Исто така беа анализирани и земени предвид сите законски и подзаконски акти на национално ниво и ратификуваните меѓународни конвенции.

Во следната фаза на активности беше објавување јавни повици од следните области - геоморфологија, педологија, пасишта, флора и ливадски заедници, шумски заедници, птици, цицачи, предел на разновидност, водоземци, влечуги, габи, мовови, лишаи, алги, флора и растителни заедници во водени средини ерозија, клима како и социоекономски аспекти население, инфраструктура и индустрија.

По завршување на теренските активности спроведени од експертскиот тим а поддржани со вработените од ЈУ НП Маврово секој член на тимот експерт на соодветна област изготви извештај кој беше доставен до научниот координатор, и по закажани и одржани состаноци на советодавно тело составено од вработените во ЈУ НП Маврово претставник на општината Маврово Ростуше и преставници на министерството за животна средина и просторно планирање, како и јавни дебати на кои беше присутна поширокат ајавност, извештаите беа усвојувани. Врз основа на вака усвоените извештаи беше изготвена карта со зони на заштита.

Целиот процес исклучително транспарентен, партиципативен и на највисоко научно и експертско ниво. Беа ангажирани ГИС експерти кои според податоците добиени поединечно од секој експерт во определената област извршија преклопување на предложените строго заштитени зони и зоните на активно управување. До крајното дефинирање на зоните на заштита кои се дел од студијата за ревалоризација на заштитено подрачје Маврово (2011 година), беа одржани огромен број на состаноци на советодавното тело на експертите кои беа дел од истражувањата и исто така беа одржани две работилници со уште поширок состав на присутни на кои беше презентиран документот и беа давани коментари. **Од исклучителна важност е да се потенцира дека изработката на студијата е резултат на тригодишен ангажман на тим од 32 експерти во различни области и истата е изготвена согласно сите национални и меѓународни акти како Бернска конвенција, директива за птици, директива за живеалишта, црвена листа на видови под закана на глобално ниво европска црвена листа на видови под закана и сл.**

Вака усвоената студија за ревалоризација со картата на зонирање изготвена во 2011 година понатаму претставуваше основ за изработка на планот за управување со Националниот Парк Маврово за период 2012-2021 година, па оттука зоните на заштита и активностите предвидени во нив во планот се идентични со оние во студијата а врз основа на студијата беше покрената иницијатива и изработен Предлог закон за репрогласување на Национален Парк Маврово за заштитено подрачје, кој до денес не е донесен.

Појаснуваме дека во каратата на зонирање постојат 3 типа на зони :

1.зона на строга заштита- (највисок степен на заштита - во зоната за строга заштита се дозволени научноистражувачки активности, доколку тие не се во спротивност со примарните цели на заштита на подрачјето).

2. зона на активно управување- (висок степен на заштита - во зоната за активно управување се дозволени активности од економски карактер кои немаат негативно влијание на примарната цел на заштита, како екотуризам или традиционално екстензивно земјоделство)

3. зона на одржливо користење - Зоната за одржливо користење претставува значителен дел од заштитеното подрачје кој не поседува високи вредности за заштитата, каде што се наоѓаат инфраструктурни објекти, објекти на културното наследство, типови на шумски насади коишто не се карактеристични за подрачјето, како и населени места со околното земјоделско земјиште.

**Напоменуваме дека согласно актуелниот Закон за заштита на природата член 74 кој се однесува на начинот на управување на паркот НЕ е предвидено управување со Национален парк кое предвидува нови инфраструктурни проекти за производство на електрична енергија во ниту една од зоните на заштита.**

**Оваа одредба е во насока на спроведување на Резолуцијата бр. 102 на Меѓународната Унија за Заштита на Природата (WCC-2016-Rec-102-EN) која ја поддржа Министерството за животна средина во 2016 година.**

**На Ваше внимание потенцираме дека во меѓувреме по изготвување на финалниот документ на студијата заврена во архивата на ЈУ НП Маврово под број 01121/2 од 23.01.2013 година, на нејасен начин е произлезен нов документ кој што има различна содржина на стр. 401 каде што е исцртана друга карта со зони на заштита, а воедно недостасува и страна 29 од студијата и стојат сосема други површини во однос на зоната на строга заштита. Ваквите измени не се резултат на ангажман на експертски тим, не се засноваат на стручно и научно мислење и процедура како погоре наведено, и е нејасно како дошло до ваквите измени, кој истите ги составил, и со која цел.**

**Научниот координатор на проектот проф.д-р Македонка Стојановска јасно и недвосмислено истакнала дека стои, и го поддржува документот односно студијата од 2013 година, а новата видоизменета студија во областа на зоните на заштита, на која стои нејзиното име, но не и нејзиниот потпис не претставува резултат на научното истражување и во најмала рака може да се карактеризира како злоупотреба на авторско право. Ваквите случувања даваат индиции за преземени незаконски активности со далекосежни последици по заштитата на природата.**

На вака сомнителните активности со промена на мапирањето за опфатот на видот на зоните понатаму се издаваат мислења во кои се наведува дека планираните објекти за мали хидроелектрични централи се во зона на одржливо користење и зона на активно управување, иако тие фактички и неспорно врз основа на научната студија и усвоениот и активен план за управување со НП Маврово за период од 2012-2021 година, се во зона на строга заштита. Во никој случај оправдување за ваквите случувања не може и не смее да биде третманот на инвестиции како добро од општ и државен интерес за да се даде позитивно мислење за намерата на изведување на проектот кога со истиот на најсуров начин начини би се уништила животната сртедина и природниот амбиент кои што се под контрола и строга заштита не само со домашното законодавство туку и со Бериската конвенција, на што постојниот комитет на Конвенцијата во својот извештај и препорака недвосмислено укажува.

Предлагаме со најголемо внимание да превземете активности за констатирање на неусогласеностите со картата на зонирање односно видоизменувањето на зоните на строга заштита од оние изготвени од експертскиот тим до оние произлезени на нејасен начин без научна анализа и работа, односно на незаконит начин, како и да се ревидираат започнатите активности на изградба на мали хидроцентрали во зони кои што de facto и de jure се зони на строга заштита и во кои како согласно законот за заштита на природата така и меѓународните регулативи не се дозволени никакви измени во ова подраје со највисок интерес на заштита со цел да се зачуваат неизменти карактеристиките на еко системите, не само како национален туку и како универзална вредност.

**Од МЖСПП добиена е информација дека во текот на 2016 година ЈУ НП Маврово направила промена на границите на зонирање и дел од зоната на строга заштита како погоре наведено е пренаменета во зона на активно и одржливо користење а тоа се однесува на локациите каде се започнати активности околу изградба на малите хидроцентрали. Индикативно е како измената на зоните на строга заштита е направена токму на местата каде е предвидена изградба на овие хидроцентрали со оглед дека законската регулатива не ги дозволува овие активности на подрачја како во првичното зонирање. Главната загриженост е што зоните на заштита се променети без консултација на експерти, стручни лица, на нејасен и нетранспарентен начин односно злоупотребена е студијата за ревалоризација на заштитено подрачје Маврово изготвена 2011 година и во истата променета е картата на зонирање која што во новиот документ од 2016 година остава впечаток дека е дело на експертскиот тим но истата нема научна подлога, позади неа не стои научниот координатор и истата така изменета е злоупотребена и искористена како добра подлога и основа за донесување и оправдување на последователни противзаконски акти кои имаат за последици менување на мапираните зони на строга заштита. Вака изложените незаконски дејствија треба да бидат соодветно и внимателно разгледани**

**истражени и санкционирани со оглед на настанатите последици по заштитата на природата.**

Поради сето наведено загриженоста за ваквите состојби ја изразуваме во ова писмено упатено до Претседателот на Владата на Република Македонија со цел истиот да ги превземе сите неопходни активности за надминување на ваквата состојба и санирање на ненадоместливите штетни последици кои во кус временски период ќе настанат поради злоупотреба на картата на зонирање. Сметаме дека неопходно е како Претседател на Влада да сте запознаени со предметните состојби бидејќи самиот проект за изработка на студијата и картата на зонирање беше финансиран од Министерството за надворешни работи на Италија.

Комитетот на Бернската Конвенција во Советот на Европа во последователни извештаи и препораки не само што ја изрази својата загриженост за превземените активности во Националниот Парк Маврово поврзани со хидроенергетските проекти и инфраструктура туку и препорача истите да бидат преиспитани (меѓуредови кажано стопирани ) со единствена цел заштита на природно подрачје од национално и меѓународно значење.

Ова Ви беше потенцирано и од страна на Европскиот Парламент на ЕУ во резолуцијата усвоена ноември 2018 година (2018/2145(INI)), **каде се бара „почитување на препораката на Постојаниот Комитет на Бернската Конвенција и суспензија на имплементацијата на проекти на територија на Националниот парк Маврово, се додека не се комплетира Стратешката оцена на влијание врз животната средина со целосно почитување на европската еколошка легислатива**"...

Имено, поради колизија на Нацрт - Законот за репрогласување на Националниот парк Маврово за заштитено подрачје и предложеното зонирање со Законот за заштита на природата и Бернската конвенција, Заменик Министерот за животна средина, г. Јани Макрадули, во октомври 2018 година побара експертска помош од страна на Постојаниот Комитет на Бернска Конвенција. Во јануари 2019 година Секретаријатот на Бернската Конвенцијата испрати писмо во кое ја најавува својата експертска мисија оваа лето на која ќе се разговара законското решение за паркот и зонирањето на истиот. Загрижува тоа што Владата на Република Македонија во заклучок на 117 седница одржана на 29.01.2019 година, му налага на ЈУНП Маврово да делува спротивно на меѓународното право и да достави Закон за ре-прогласување најдоцна до 15.05.2019 година односно ПРЕД истиот да биде предмет на дискусија и ревизија на експертскиот тим на Бернска Конвенција која ја штити Советот на Европа.

Ваквата загриженост за состојбите е повеќе од алармантна а во крајна линија случувањата ќе наштетат на угледот на Република Македонија во меѓународната заедница во целина. Апелираме до вас да обезбедите почитување и спроведување на меѓународното право и доследно спроведување на Препораката бр.184 на Постојанниот Комитет на Бернската Конвенција и точка 61 од Резолуцијата на Европскиот Парламент

Ве молиме по разгледување на вака поднесената претставка со сите изнесени наводи во истата, да бидат преземени активности за утврдување на настанатите состојби во Ј.У.Н.П.„ Маврово"-Маврови Анови .

Со почит,

Изготвиле :

Цане Петревски

Душко Веланоски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна установа Национален парк
Маврово
Маврови Анови

Директор :

Самир Аљдини

06.07.2018
Ylber M.

**ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУША**

*Одделение за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и заштита на животната средина*

бр.10-159/2_ од _23.07.2018 год_

До:
Министерство за Животна средина и
Просторно планирање
Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје

Врска бр.11-3984/1
Од 28.06.2018 год

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
01. 08. 2018
11 3984/10

Предмет : Достава на Мислење

Почитувани

Во врска со Вашиот допис за издавање на мислење за спроведување на подготвителни работи за започнување со концесиска постапка за доделување на концесија за користење на вода и изградба на мали хидроелектрани , во продолжение ги даваме следните мислења:

- За МХЕ Жировница ,слив –Жировница , координати на зафат Y= 7466564, X= 4614104 и 850 м.н.в , координати на Машинска зграда Y =7613535 , X=4578695 и 747 м.н.в. со просечен проток од 0.954 $m^3/s$ дава ПОЗИТИВНО мислење
- За ХЕЦ Рибница ,слив - Рибничка ; координати на зафат Y= 7470178, X= 4619342 и 890 м.н.в , координати на Машинска зграда Y =7471287 , X=4618438 и 863 м.н.в, со просечен проток од 3.59 $m^3/s$ дава ПОЗИТИВНО мислење
- За МХЕ Видушница ,слив –Радика , координати на зафат Y= 7467048, X= 4611600 и 1030 м.н.в , координати на Машинска зграда Y =7464694 , X=4611430 и 730 м.н.в. со просечен проток од 0,331 $m^3/s$ дава ПОЗИТИВНО мислење

Со почит

Градоначалник
Медат Куртовски

„КАТ – СТАР про„
Ул.:„Душко Поповиќ„ бр. 2а Гостивар
042 271 666 075 271 172

| | |
|---|---|
| Деловоден број : | 0801-199 |
| Датум на поднесување: | 26.07.2019 година |
| Датум на изработка: | 26.07.2019 година |

GORAN JOVANOSKI

Digitally signed by GORAN JOVANOSKI
DN: cn=GORAN JOVANOSKI c=MK o=Makedonski Telekom ou=KATSTAR PRO DOOEL-Gostivar:4007008134202
Reason: Горан Јовановски
Location:
Date: 2019-07-26 10:59+02:00

# ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ
# ЗА
# ТЕРЕНСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

(вид на геодетскиот елаборат)

## КО. ЖИРОВНИЦА

ДГУ„ КАТ-СТАР про„ ГОСТИВАР

Изработил: М.П.

м-р Горан Јовановски дипл. геод. инж.

(име, презиме и потпис на барателот)

Согласно направениот увид и Геодетски елаборат за теренска идентификација 0801-19926.07.2019 год. изработен од страна на овластениот правен субјект „Кат-Стар Про", Гостивар кој е во прилог на овој Записник се констатира дека на лице место нема отпочнати никакви градби за изградба или во функција за градење на МХЕ Жировница 5 и МХЕ Жировница 6.

**Поради тоа, согласно член 66 став 1 и 2 од Законот за градење, му се препорачува на Градоначалникот на општина Маврово и Ростуше да донесе акт за престанок на важноста на:**

- **Одобрение за градење за МХЕ Жировница со реф. бр. 5 - УП 1 бр. 10-989/16 од 20.03.2017 год. – правосилно на 05.04.2017 год. и**
- **Одобрение за градење за МХЕ Жировница со реф. бр. 6 - УП 1 бр. 10-990/16 од 20.03.2017 год. – правосилно на ден 05.04.2017 год.**

**од причина што е изминат рокот од 2 год. од правосилноста на одобренијата за градење, а на лице место нема траги од било каква градба, со што се исполнети условите од член 66 став 1 од Законот за градење - по што одобренијата за градење престануваат да важат !**

Прилог: Геодетски елаборат за теренска идентификација КО Жировница со дел. бр. 0801-199 од 26.07.2019 год. изработен од Кат-Стар Про, Гостивар

Раководител на одделение за инспекциски надзор и

ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР

Кирко Цуковски дия

03-620/19/61/10 н-1
05.04.19

FRONT 21/42

Headquarters: Branislav Nusic No.8-5/9, 1000 Skopje, R. Macedonia
Office: Kliment Ohridski No. 54/1-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: +389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

05.04.2019, Скопје

**До:**
**Инспекциски Совет на РСМ**

**Државен инспекторат за животна средина**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**
**Државен водостопански инспектор**

**Подносител**
Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42"
Адреса: ул. Бранислав Нушиќ бр.8-5/9, 1000 Скопје; ЕМБС: 5934605
Контакт: Александра Бујароска; aleksandra.bujaroska@front.org.mk; тел. 078/433-713

**Врз основа на член 208а од Законот за животна средина, член 132 од Законот за градење и член 242 б од Законот за води ја поднесуваме следнава**

**ПРИЈАВА**
**за поведување на инспекциска постапка за МХЕ „Жировница бр. 5" и МХЕ Жировница бр. 6 – инвеститор Хидроенерџи груп ДОО Скопје**

Почитувани,

„Фронт 21/42" е еколошко здружение на граѓани кое работи на полето на заштита и унапредување на животната средина. Регистрирани сме во 2005 година а од 2010 година активно работиме на зачувување на Националниот парк Маврово.

Ја пишуваме оваа пријава за поведување на инспекциски надзор во врска со МХЕ „Жировница бр. 5" и МХЕ Жировница бр. 6 – Хидроенерџи груп ДОО Скопје која е лоцирана во Националниот парк Маврово.

Имено, во општината Маврово – Ростуше на 03.04.2019 година Хидроенерџи ДОО Скопје достави допис:

- **Известување за започнување на изградба на МХЕЦ Жировница 6 општина Маврово Ростуше, КО Жировница врска бр. УП1-10-990/16 од 20.03.2017 година**
- **Известување за започнување на изградба на МХЕЦ Жировница 5 општина Маврово Ростуше, КО Жировница врска бр. УП1-10-989/16 од 20.03.2017 година**

**СМЕТАМЕ ДЕКА ИНВЕСТИТОРОТ СПРОТИВНО НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ, ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЗАКОНОТ ЗА ВОДИ ОТПОЧНУВА ПОСТАПКА ЗА ГРАДЕЊЕ И НЕ ГИ ПОСЕДУВА НЕОПХОДНИТЕ ДОЗВОЛИ РЕШЕНИЈА ЗА ИСТОТО.**

FRONT 21/42

Headquarters: Branislav Nusic No.8-5/9, 1000 Skopje, R. Macedonia
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

- **НЕ ПОСЕДУВА ПРАВОСИЛНА ДОЗВОЛА ЗА ГРАДБА:**

Фронт 21/42 на 04.09.2018 година со допис се обрати до Министерството за транспорт и врски и општината Маврово –Ростуше со барање за добивање пристап до информации од јавен карактер за **МХЕЦ Жировница 5 и 6** односно, дали е отпочната постапка за добивање на одобрение за градење и во која фаза е истото; и доколку е отпочната и/или завршена постапката да ни доставаат копија од издаденото решени за изведување на градби и да овозможат увид во проектната документација.

На ова барање општината Маврово и Ростуше на 19.09.2019 година одговори дека за хидроцентралите Жировничка 5 и Жировничка 6 ***„НЕ се води постапка пред општината Маврово и Ростуше т.е. дека истите спаѓаат во градби од прва категорија за кои одобрение издава Министерството за транспорт и врски"***

Во одговорот на Министерството за транспорт и врски од 15.10.2018 година стои дека за предметните хидроелектрични централи ***„НЕ се поднесени барања за одобрение за градење и оттука не се водат постапки за издавање на одобренија за градење"***

**Согласно, официјалните одговори на двете надлежни институции, кои ви ги испраќаме во прилог на ова пријава Хидроенерџи груп ДОО Скопје НЕ поседува дозвола за градба и согласно тоа НЕ може да започне со градежни активности.**

Дополнително, на 12.01.2018 година има потпишано анекс на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф. бр. 5 и МХЕЦ Жировница со реф. бр. 6 02-5812/1 од 02.07.2015 година. Анекс договорите ви ги испраќаме во прилог на оваа пријава.
**Со анекс договорот инвеститорот во <u>јануари 2018 година</u> ГИ ИЗМЕНИЛ КООРДИНАТИТЕ НА МАШИНСКАТА ЗГРАДА И КООРДИНАТИТЕ ЗА ЗАФАТИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ СПЕЦИФИКАЦИИ НА МХЕЦ ЖИРОВНИЦА БР. 5 И МХЕЦ ЖИРОВНИЦА БР.6.**

Согласно ова, инвеститорот морал да има набавено одобрение за градење по јануари 2018 година, односно по потпишување на измените во договорот а такво одобрение врз основа на добиените одговори НЕ е издадено ниту од Министерството за транспорт и врски ниту од општината Маврово – Ростуше.

- **НЕ ПОСЕДУВА РЕВИДИРАНА ДОЗВОЛА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА:**

12.01.2018 година има потпишано анекс на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф. бр. 5 и МХЕЦ Жировница со реф. бр. 6 02-5812/1 од 02.07.2015 година. **со анекс договорот инвеститорот во <u>јануари 2018 година</u> ГИ ИЗМЕНИЛ КООРДИНАТИТЕ НА МАШИНСКАТА ЗГРАДА И**

FRONT

Headquarters: Branislav Nusic No.8-3/3, 1000 Skopje, R. Macedonia
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

ПРИЈАВА

Врз основа на член 208а од Законот за животна средина, член 132 од Законот за градење и член 242 б од Законот за води во најбрз рок да поведете инспекциска постапка за МХЕЦ „Жировница бр. 5" и МХЕЦ Жировница бр. 6 – Хидроенерџи груп ДОО Скопје односно:

- **ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОР ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ ДА УТВРДИ ДЕКА** Инвеститорот НЕ поседува правосилна дозволата за градба согласно потпишаниот Анекс договор за концесија за МХЕЦ „Жировница бр. 5" и МХЕЦ Жировница бр. 6 од јануари 2018 година и согласно тоа НЕМА право да отпочне со градба;

- **ДРЖАВНИОТ ВОДОСТОПАНСКИ ИНСПЕКТОР ДА УТВРДИ ДЕКА** Инвеститорот НЕ поседува ревидирана дозвола за користење на водата согласно потпишаниот Анекс договор за концесија за МХЕЦ „Жировница бр. 5" и проектот МХЕЦ Жировница бр. 6 – односно дека инвеститорот НЕ постапил согласно член 45 од Законот за води;

- **ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ДА УТВРДИ ДЕКА** Инвеститорот НЕ поседува правосилно решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проектот МХЕЦ „Жировница бр. 5" и проектот МХЕЦ Жировница бр. 6 согласно потпишаниот Анекс договор за концесија за МХЕЦ „Жировница бр. 5" и МХЕЦ Жировница бр. 6 од јануари 2018 година – односно дека инвеститорот НЕ постапил согласно член 24;

Со почит,
Александра Бујароска
Извршен Директор
Фронт 21/42

FRONT

Headquarters: Branislav Nusic No.8-5/9, 1000 Skopje, R. Macedonia
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: +389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

**КООРДИНАТИТЕ ЗА ЗАФАТИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ СПЕЦИФИКАЦИИ НА МХЕЦ ЖИРОВНИЦА БР. 5 И МХЕЦ ЖИРОВНИЦА БР.6.**

Инвеститорот не постапил согласно член 45 од Законот за води и не побарал изменување и дополнување на дозволата.

- **НЕ ПОСЕДУВА ПРАВОСИЛНО РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА:**

За предметните хидроцентрали издадени се следниве решенија:

- Решение бр. 11-3573/2 за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проектот – изградба и работа на мала хидроелектрична централа „МХЕЦ Жировница" со реф. бр. 5 од **14.05.2015 година** издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање.
- Решение бр. 11-3572/2 за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проектот – изградба и работа на мала хидроелектрична централа „МХЕЦ Жировница" со реф. бр. 6 од **14.05.2015 година издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање.**

На 12.01.2018 година потпиша анекс на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф. бр. 5 и МХЕЦ Жировница со реф. бр. 6 02-5812/1 од 02.07.2015 година.

**Со анекс договорот инвеститорот во јануари 2018 година ГИ ИЗМЕНИ КООРДИНАТИТЕ НА МАШИНСКАТА ЗГРАДА И КООРДИНАТИТЕ ЗА ЗАФАТИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ СПЕЦИФИКАЦИИ НА МХЕЦ ЖИРОВНИЦА БР. 5 И МХЕЦ ЖИРОВНИЦА БР.6.** Новите коти задираат и длабоко продираат во зоната за строга заштита во рамки на Националниот парк Маврово – зона во која согласно Законот за заштита на природата не е дозволена никаква активност освен научно истражувачка работа. Согласно член 18 од Законот за заштита на природата и член 24 од Законот за заштита на животната средина инвеститорот треба да изготви нов ревидиран елаборат за предметните хидроцентрали,

**Изменетата локација на проектот изискува нов и ревидиран елаборат за заштита на животната средина а решението бр. 11-3573/2 и решението 11-3572/2 ги прави неприменливи затоа што се однесуваат на проекти кои се наоѓаат на друга локација.**

Дополнително, од страна на ЈУНП Маврово- Ростуше не постои правосилен акт кој ја одобрува оваа измена односно истото е отповикано на 03.04.2019 година. Дописот исто така Ви го доставуваме во прилог на оваа пријава.

Република Македонија
Јавна Установа Национален Парк
МАВРОВО
Маврови Анови

**ПРЕДМЕТ: ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА ЕДИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВЕН ОДБОР ПРИ Ј.У.Н.П.МАВРОВО ВО 2019 ГОДИНА НА ДЕН: 06.09.2019 година**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Прогрес на активностите за репрогласување на Н.П. Маврово за заштитено подрачје.

Претеседателот на Управен Одбор при Ј.У.Н.П.Маврово г-ѓа Смилјка Тенева, ја отвори 11 (единаесетата) седница на Управниот одбор во 2019 година и констатира дека сите 5 (пет) члена на Управен одбор се присутни. Согласно констатираното се утврди дека постои кворум за работа и носење одлуки.На седницата беа присутни:

- Олимпија Христова Заевска-Советничка на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија за меѓународна економија и развој,
- М-р Виктор Андонов-Посебен советник во Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и координација на економските ресор, Д-р Кочо Анѓушев.

Претседателот и членовите ги поздравија присутните гости од Владата на Р.Северна Македонија и им посакаа добредојде во Националениот парк Маврово.

Предложениот дневен ред едногласно беше усвоен без барање за измени и дополнувања.

Бидејќи седницата беше свикана по барање на Заменик Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и координација на економските ресор, Д-р Кочо Анѓушев се пристапи кон точката на дневен ред.

**Точка 1**

Директорот преку детално образлошение на гостите ги запозна со процесот за препрогласување на Н.П.Маврово кој се одвива од целосно реализрање на проектот финансиран од Владата на Р.Италија, изработените плански документи во текот на реализација на проектот и постапката која следела а имала за цел носење на Закон за Националениот парк Маврово и План за управување со Националениот парк Маврово.

Членот на Управен одбор, Цане Петрески во својство на долгогодишен работник во Ј.У.Национален парк Маврово и познавач на сите процеси кои се

одвивале во паркот исто така даде свое образложение за процесот на препрогласување во кое наведе дека стои зад зонирањето од 2012 година утврдено во Студијата за ревалоризација на вредностите во Н.П.Маврово затоа што тоа е валидно за него бидејќи е потврдено од сите експерти кои работеа на студијата за реавалоризација на вредностите во Н.П.Маврово зад која стои и научниот координатор Проф.Др.Македонка Стојаноска.Исто така кажа дека лично реагирал на студијата за издршност на водотеците на кои е предвидено изградба на мали хидроелектрани и укажал дека нема вода на предвидените локации за градба на хидроцентрали.

Гостинот, М-р Виктор Андонов исто така даде кратко објаснение за процесот на препрогласување и напомена дека треба да се донесе заклучок на состанокот со цел да се утврдат идните чекори за да се заврши целиот процес на препрогласување.Воедно кажа дека се изработува нова Студија за издршност на природните водотеци на територија на целата држава во која за водотеците во заштитените подрачја не се опфатени и истата за околу три недели ќе биде објавена на веб страната на Министерствово за економија.

Истото мислење за одглавување на процесот на препрогласување го имаше и гостинката Олимпија Христова Заевска која побара да се дојде до заклучок кој ќе биде пренесен во Владата се со заедничка цел да се заврши овој отворен процес кој трае повеќе години.

Претседателот на Управениот одбор Смиљка Тенева кажа дека скоро на секоја седница откако е формиран Управниот одбор како точка на дневен ред се става процесот на препрогласување но до денот на одржување на оваа седница, Ј.У.Национален парк Маврово се уште нема дефиниран став за зонирањето. Во делот на мали хидроелектрани напомена дека Секторот за природа до денот на одржување на седницата нема дадено позитивно мислење за изградба на хидроцентали на територија на Н.П.Маврово. Исто така, детално ги образложи сите чекори од доставувањето на Студијата за валоризација до Министерството за животна средина и просторно планирање до изготвувањето на Предлог-Законот за прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк. На крајот напомена дека по однос на потребата за продолжување на постапката за повторно прогласување на НП Маврово, Министерството за животна средина и просторно планирање во неколку наврати има доставено официјални барања до ЈУНП Маврово за доставување на утврдено зонирање со цел продолжување на постапката но досега ЈУНП Маврово се уште нема одговорено по однос на истите.

Членот на Управен одбор Цане Петрески уште еднаш се заложи да се продолжи со процесот со зонирањето од 2012 година затоа што врз база на тоа зонирање се изработени и посебите планови за работа во шумските екосистеми.За малите хидроцентрали кажа дека треба да се запре постапката за сите предвидени мали хидроелектрани освен за предвидените зафати на Танушка река каде што може да се реализираат затоа што не влегуваат во зона за строга заштита и зона за активно управување доколку се решат имотно-правните работи.Исто така напомена дека во изминатиов период Националениот парк Маврово континуирано работи со цел носење на планските документи од кои зависи функционирањето на

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

паркот.Имено во текот на 2012 година врз однова на Одлука на управен одбор за усвојување на студијата за ревалоризација на природните вредности испратен е допис до Минисерството за животна средина и просторно планирање за продолжување на постапката која имаше за цел носење на План за управување со Националениот парк маврово и Закон за повторно прогласување на Н.П.Маврово за заштитено подрачје-национален парк.

Инж. Цане Петрески напомена дека до Министерството за животна средина и просторно планирање е доставена Одлука за усвојување на Студијата за ревалоризација на заштитено подрачје Национален парк Маврово донесена од Управниот одбор на Н.П.Маврово во 2012 година, Студија за ревалоризација на заштитено подрачје Национален парк Маврово, Чек листа на застапени видови во Национален парк Маврово во хартиена и електронска форма и барање за продолжување со постапката за препрогласување на Н.П.Маврово бр.0302-116/1 од 23.01.2012 година примени од Министерство за животна средина и просторно планирање на ден 24.01.2012 година, но иако имале обврска да ја отпочнат постапката за повторно прогласување на Н.П.Мавров за заштитено подрачје од категоријата Национален парк за што и Владата на Р.Македонија има донесено заклучоци со која се дава рок за завршување на постапката, Министерството за животна средина и просторно планирање не ја има отпочнато постапката за повтроно прогласување на Н.П.Маврово и нема дадено никаков одговор согласно доставената документација.

Во контекст на горенаведеното исто така кажа дека и изработката на нов Просторен план на Н.П.Маврово е законска обврска на Министерството за животна средина и просторно планирање но иако имаат добиено и Зклучоци од Владата на Р.Македонија сеуште не е изработен нов Просторен план за Н.П.Маврово.

Членот на Управен одбор, Зафкет Веапи кажа дека сите инжињери учествувале во работните тела пре реализација на проектот од каде е произлезено зонирањето во 2012 година и затоа предлага да се продолжи со постапката за препрогласување на Н.П.Маврово согласно утврденото зонирање во 2012 година.

Во својство на правник во Ј.У.Национален парк Маврово и записничар, Адмир Мусаи кажа дека во работата на стручниот колегијален орган има административна и нормативно правна улога и го подржува мислењето на останатите три члена кои се стручни лица и учествувале во процесот за утрдување на зони на заштита предвидени во студијата за ревалоризација на вредностите во Н.П.Маврово во 2012 година со кое е предвидено да се продолжи со постапката за препрогласување на Н.П.Маврово согласно утврдените зони во 2012 година кој е подржан и од Директорот на Ј.У.Н.П.Маврово.Напомена дека е неопходно процесот да продолжи со цел да се донесе План за управување на Ј.У.Национален парк Маврово.

Од дискусијата произлегоа следните два заклучоци:

1. Јаваната установа Национален парк Маврово ќе одговори по однос на барањата од Министерството за животна средина и просторно планирање за продолжување на постапката за повторно прогласување на

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

Национален парк Маврово за заштитено подрачје по добиената насока од страна на Владата на Република Северна Македонија.

2. Управниот одбор го почитува мислењето на стручниот колегијален орган поддржан од Директорот на Ј.У.Н.П.Маврово да се продолжи со постапката за препрогласување на Н.П.Маврово согласно утврденото зонирање во Студијата за ревалоризација ва вредностите на Н.П.Маврово од 2012 година.

**Точка 2**

Управниот одбор по оваа точка продолжи со работа откако заминаа гостите од Владата на Р.С.Македонија.

По оваа точка Директорот предложи да се изврши ребаланс на Финансискиот план на Ј.У.Национален план на Ј.У.Национален парк Маврово за 2019 година (Буџетот на Ј.У.Н.П.Маврово) со цел да се обезбедат финансиски сретства за продолжување на согласноста бр.18-6796/3 од 31.07.2019 година која се однесува за вработувањата преку приватна агенција за привремени вработувања со која имаме договор.Продолжувањето на согласноста ќе се однесува за период од 01.10.2019 година до 31.12.2019 година а финансиски сретства од 800.000 денари треба да се префрлат од ставка 2.1 – трошоци за бруто плата на вработени во ставка 2.23- остан.трошоци Агенц. за времени вработувања и ангажирање на волонтери согласно програма.

Бидејќи друг не побара збор Претседателот на управен одбор предложи да се гласа по предлогот на Директорот.

Сите членови гласаа за прифаќање на предлогот и затоа се донесе следната:

**ОДЛУКА**

Се усвојува прв ребаланс на Финансискиот план на Ј.У.Национален план на Ј.У.Национален парк Маврово за 2019 година (Буџет на Ј.У.Н.П.Маврово).

По оваа точка друг не побара збор.Седницата заврши во 11:30 часот.

**Присутни на седница на Управен Одбор:**

Претседател на Управен Одбор
Смиљка Тенева

____________________

Членови:
1.Цане Петрески ________________

2.Зафкет Веапи ________________

3.Вахит Велија ________________

Директор
Самир Аједини

____________________

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

4.Исеин Демири ____________

Записничар:Адмир Мусаи____________

Тел:042/489 019, факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk